**БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД**

СПИСАНИЕ НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
БИТОЛА

*

**Издавач**
Национална установа
Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Битола
ул. Пеце Матичевски бр. 39

*

**За издавачот**
м–р Бојан Стефановски

*

**Издвачки совет:**
д-р Николче Вељановски,
претседател

Илче Стојановски
Гордана Пешевска

*

**Главен и одговорен уредник**
д-р Николче Вељановски

*

**Редакција:**
д-р Николче Вељановски
Илче Стојановски

*

**Лектура**
Александар Димитров

*

**Подготовка и печат**
Графо Пром – Битола

*

**Тираж**
200 примероци

**ISSN 1409–9497**

Тел/факс.: 047/220-208;
Тел.: 047/220-515;
Тел. на Изд.: 047/232-999
www.nuub.mk
e-mail: nuub@nuub.mk

# СОДРЖИНА

## ОД МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

СОРАБОТКА СО БИБЛИОТЕКИ ВО ШВЕДСКА
*Подготвиле: м-р Јелена Петровска, библиотекар советник*
*м-р Марија Малгожата Мачковска, библиотекар советник* . . . . . . . . . . . . . . .2

МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА COBISS 2018
*Подготвила Лидија Мирчевска, виш библиотекар* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .3

ИСКУСТВА ОД БИБЛИОТЕКИТЕ ВО ЛЕУВАРДЕН (LEEUWARDEN) – ХОЛАНДИЈА
*Подготвила Лидија Мирчевска, виш библиотекар* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .4

ПОСЕТА НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД УНИВЕРЗИТЕТСКАТА БИБЛИОТЕКА СТЕНДЕН, ХОЛАНДИЈА
*Подготвила Лидија Мирчевска, виш библиотекар* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .5

УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТОТ PROMISE ВО БУКУРЕШТ
*Подготвиле: Фатма Бајрам Аземовска, виш библиотекар и координатор на проектот за Македонија и Јелена Петровска, библиотекар советник* . . . .6

ПОСЕТА НА НАЦИОНАЛНАТА БИБЛИОТЕКА ВО БУКУРЕШТ
*Подготвиле: Фатма Бајрам Аземовска, виш библиотекар*
*Јелена Петровска, библиотекар советник*. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .7

МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА БИБЛИОТЕКАРИ ВО ЦЕТИЊЕ, ЦРНА ГОРА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8

СЕМИНАР ЗА ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ ВО БИБЛИОТЕКИТЕ ВО БАЊА ВРУЈЦИ (Р. СРБИЈА) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8

КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА РОМИТЕ – ЖРТВИ НА ХОЛОКАУСТОТ . . . . . . . . . . . . . . . . 9

УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА НА БИБЛИОТЕЧНАТА УНИЈА ВО ВАРШАВА, 2019
*Подготвила м-р Јелена Петровска, библиотекар советник* . . . . . . . . . . . . . . 10

ЗАШТИТА И КОНЗЕРВАЦИЈА ВО НАЦИОНАЛНА БИБЛИОТЕКА ВО ВАРШАВА
*Подготвила м-р Јелена Петровска, библиотекар советник* . . . . . . . . . . . . . . 10

## БИБЛИОТЕКАТА НИЗ ОДДЕЛИ И АКТИВНОСТИ

ХОРТИКУЛТУРНИ БИБЛИОТЕКИ
*Подготвила м-р Јелена Петровска, библиотекар советник* . . . . . . . . . . . . . . 12

ВОВЕДУВАЊЕ НА СЕГМЕНТОТ COBISS3/ НАБАВКА
*Подготвила Анета Стефановска, библиотекар советник* . . . . . . . . . . . . . . . 12

ОБРАБОТКА НА ФОНДОТ ОД НЕКНИЖНАТА ГРАЃА Е-КНИГИ И МУЗИКАЛИИ
*Подготвил Николче Вељановски, библиотекар советник* . . . . . . . . . . . . . . . . 13

БИБЛИОТЕКАРСТВО ПРЕТСТАВЕНО СО ТЕМАТСКА ИЗЛОЖБА
*Подготвила Ленче Андоновска, библиотекар советник*. . . . . . . . . . . . . . . . . . 14

ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ“ 2019
*Подготвила Гордана Пешевска, библиотекар-советник* . . . . . . . . . . . . . . . . . 15

70 ГОДИНИ БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА
*Подготвила м-р Милка Котевска, библиотекар*. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 16

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА, ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ, ПРЕДАВАЊА
*Подготвила: Фатма Бајрам Аземовска, виш библиотекар*. . . . . . . . . . . . . . . . 18

14. РОДНОКРАЈНА СРЕДБА НА БИТОЛСКИТЕ ПИСАТЕЛИ
*Подготвил: д-р Николче Вељановски, библиотекар советник* . . . . . . . . . . . . 25

ЈАГЕЛОНСКАТА БИБЛИОТЕКА ВО КРАКОВ, ПОЛСКА
*Подготвила Марија Малгожата Мачковска, библиотекар советник* . . . . . 28

БИБЛИОТЕКАТА ВО РЕНОВИРАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 28

# СОРАБОТКА СО БИБЛИОТЕКИ ВО ШВЕДСКА

*Подготвиле:*
*м-р Јелена Петровска, библиотекар советник*
*м-р Марија Малгожата Мачковска, библиотекар советник*

Проектот беше реализиран во Шведска во период од 21-26.11.2018 година, со работни посети на библиотеките во градовите Трелеборг, Малме и Лунд каде се наоѓаат голем број на иселеници од Македонија. Воспоставени беа и контакти со Друштва и поединци кои се вклучени во организирање на културни, образовни и други потреби на своите сонародници.

Библиотеката Штад во Малме (Stadsbiblioteket Malmö) е пример на библиотека која ги исполнува критериумите за да биде вистински центар на заедницата. На работна средба со одговорните лица и вработените во библиотеката се разговараше за искуствата на шведските библиотекари во организирањето на библиотечните програми за различни категории на библиотечните корисници. а воедно беше презентирана работата на македонските библиотекари, како и иновативни библиотечни активности на нашата Библиотека. Беше презентирана и новата програма за соработка со научно - истражувачки кадар која се однесува на академското пишување и методологијата на истражувањето, програма која во наредниот период ќе биде составен дел од активностите поврзани со Универзитетот во Битола.



Универзитетска библиотека во Малме (Malmö University Library - Orkanen Library), иако по својата функција е свртена кон поддршка на учењето, сепак е широко отворена кон сите категории на граѓани, со што претставува вистински мултикултурен простор. Нашата делегација се сретна со директорката на библиотеката, која ни ги претстави активностите и организациската поставеност на институцијата преку различни програми и проекти врзани со студенти и наставно-научен кадар. Беа презентирани и е-извори и научни бази на податоци наменети за студенти и професори, како и за сите корисници, граѓани на Малме кои што имаат потреба од истите.

Јавната библиотека во Трелеборг (Trelleborg Library) е библиотека со помал обем на корисници, но со атрактивни и иновативни библиотечни активности. Раководител на Библиотеката и библиотекарите вработени во Одделот за деца презентираа бројни иновативни активности кои ги организираат за анимација на населението. Со оглед на голема традиција на шведските библиотекари, фондовите на библиотеки да бидат лесно достапни во секој дел од градот и околните места, библиотеката го поседува Библиобусот, проект кој што со години наназад е еден од најуспешните проекти како во Шведска така и во многу други земји.





Универзитетскиот кампус во Лунд е еден од најстарите во Европа. Универзитетската библиотека во Лунд (Lund University Library), формирана

уште во 17. век претставува „срце на универзитетот“ и научно – истражувачката работа на универзитетот. Заменик директорот не запозна со улогата и програмите на библиотеката со студентите и научно – наставниот кадар, додека стручниот дел беше реализиран со библиотекари од поединечни оддели. Значајни се искуствата од одделите за специјални збирки, за периодика, раритетна граѓа и др. Особено беа интересни решенијата за комплетирање на Збирка на ефемерна граѓа и дробен печат. Во библиотеката се наоѓа и многу вреден и уникатен материјал од втората светска војна за холокаустот. Збирката содржи ракописни сведоштва на затвореници од концентрациониот логор Равензбрик. Сите материјали се дигитализирани и достапни на WEB страната на Библиотеката. Во Одделот за каталогизација на монографски публикации ни беше презентирана шведската програма за обработка на библиотечниот фонд. На колегите од Шведска им ја претставивме програмата COBISS и Виртуелната библиотека на Македонија.

Како дел од проектот е реализирана и работна посета на Македонското здружение „Пелистер“ во Трелеборг, каде се сретнавме со секретарот и дел од членовите на Здружението. Разговаравме за активностите на Здружението, нивните потреби за набавка на книги на мајчиниот јазик, како дел од програмата за најмладите и негување на јазикот и културното наследство. Преку кратка презентација на македонските писатели и книги, членовите ги запознавме со можностите за идна соработка.

Во рамките на Проектот дополнително е реализирана и посета на Националната и универзитетска библиотека во Копенхаген „The Royal Danish Library - Black Diamond“ во Данска, најголема библиотека во Скандинавија. Таа има просторни можности кои се пример за функционално поврзување на традиционално и современо библиотечно работење.



Во библиотеките во Скандинавија сите услуги се бесплатни. Проектот се реализира со поддршка од Министерството за култура на Република Македонија.

# МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА COBISS 2018

*Подготвила Лидија Мирчевска, виш библиотекар*

Институтот за информациски науки во Марибор, од 27 до 29 ноември 2018 година ја одржа традиционалната меѓународна конференција COBISS 2018.Претставник од НУУБ „Св.Климент Охридски„ – Битола беше Лидија Мирчевска, виш библиотекар. Во програмата, првиот ден беше наменет само за гостите од Словенија, вториот ден за гостите од државите членки на COBISS. Net, а третиот ден за средба на националните COBISS – центри. На конференцијата, главна тема беше: „Училишните библиотеки во глобалната библиографска информациска мрежа“. Беа изложени други интересни теми од следните предавачи: Дороти Вилијамс (Универзитет Роберт Гордон), „Влијанието на училишните библиотеки врз учењето “, Весна Чолич (Министерство за образование на Република Словенија), „На патот кон словенечката верзија на реализирање на насоките на IFLA за училишните библиотеки“, Романа Фекоња (Завод за школство), „Преглед на состојбата во училишните библиотеки“, Давор Брачко (ИЗУМ), „COBISS низ бројки„, Татјана Аларац-Јелушиќ, „Компентенциите на библиотечните и информациските стручњаци: предизвици



во променливото социјално-културно опкружување", Сабина Фрас Поповиќ (Мариборска библиотека), „Будење на стручната совест:соработка и заедничко создавање", Матјаж Перц (Универзитет во Марибор), „Милениум на ликовната уметност низ призмата на физиката" и др. Целта беше да се истакне вклучувањето на училишните библиотеки во системот COBISS, новини во истиот, како и други содржини.

# ИСКУСТВА ОД БИБЛИОТЕКИТЕ ВО ЛЕУВАРДЕН (LEEUWARDEN) – ХОЛАНДИЈА

*Подготвила Лидија Мирчевска, виш библиотекар*

Проектот беше реализиран во Холандија во период од 10-14.12. 2018, со посета и организирање на работни средби од повеќе библиотеки во градот Леуварден (Leeuwarden). По претходниот договор библиотекарите од НУУБ „Св. Климент Охридски"– Битола, М-р Јелена Петровскабиблиотекарсоветник, М-р Марија Малгожата Мачковска библиотекар советник и Лидија Мирчевска, виш библиотекар направија повеќечасовна посета на Тресор (Tresoar) -библиотеката и архив на градот Леуварден(Leeuwarden). Со одговорните лица и вработените во библиотеката разговаравме за искуствата од нивната работа, а воедно ги запознавме со работата на македонските библиотекари преку презентација на активностите на нашата Библиотека, нејзината WEB страна, како и содржини од изданија на Дигитална библиотека.






Стручно лице библиотекар – специјалист за истражување на семејни стебла на лица кои потекнуваат од Фризија (Frizija), покраина во која се наоѓа градот Леуварден (Leeuwarden) ни ја претстави својата библиотечна работа со странките. Барајќи ги своите семејни корени, членовите на библиотеката користат разновидни извори за истражување: стари книги и документи од архивот, микрофилмови, достапни податоци на интернет и други извори.

Во Одделот за конзервација на стари ракописи ни беше презентирана збирка на атласи од регионалната флора и фауна од осумнаесеттиот век, кои се достапни на интернет, а голем дел чекаат на нивната дигитализација која е побарана од Google. Библиотеката има многу инспиративен простор за корисниците со инсталации кои се дел од изложбите во Леуварден – Европска престолнина на култура 2018. Одделот за архива е интерактивен простор за истражување на историја и јазикот на покраина Фризија, како и просторија – кино со богата збирка на стари филмови. Имавме прилика да ја видиме и изложбата со исклучителна вредност на стари ракописи и предмети поврзани со историјата на значајни личности, како што се писмата на Наполеон до Жозефина и пишувани документи поврзани со контраверзната шпиунка Мата Хари, родена во Леуварден.

Како дел од проектот беше посетена и ДБИБ (DBIEB) Јавна библиотека во Леуварден. Библиотеката е сместена во историската зграда на некогашниот затвор од 1874. год. , кој е функционално прилагоден кон потребите на современото библиотечно работење, а во исто време е зачувана автентичноста на зградата. Библиотеката ја сочинуваат оддели за возрасни корисници, за млади и деца под 12 години. Инспиративен беше просторот за деца со бројни иновативни решенија и активности, работилници за истражувачка работа, книги и разновидни помагала за нивната едукација. Како посебен дел

од библиотеката е и просторот наменет за потребите на студенти (кино сала, читални, изложбени простори, простор за дружење и т.н.).

Исто така, беше посетена и Универзитетската библиотека (NHL Stenden Library) при Универзитетот Стенден(NHL Stenden University of Applied Sciences) составен од 14 факултети со многу разновидни програми за студирање. На Универзитетот студираат повеќе од 25.000 студенти.







На средбата разговаравме со одговорните на Библиотеката,раководителот Роналд Вијња (Ronald Wijnia), библиотекарите Маргриет Ван дер Гиесен (Margriet van der Giessen) и Симон Лендерс (Simone Leenders). Беа разменети искуства од библиотечното работење на двете библиотеки.

Библиотеката е составена од стар и нов дел функционално поврзани во една целина. Едно од иновативните решенија на интерактивни места за учење вклучуваат истовремено работење на компјутер со вртење на педали од статичен точак при што имаме спојување на физичката рекреација со умствениот напор.

Програмите за талентирани студенти и програмите за гејмификација во библиотечното работење се мошне популарни како нови едукативни методи за поддршка на наставата. Библиотеките во Холандија се единствени во креирање на иновативни програми со различен тип и возраст на библиотечните корисници, начинот на организациска поставеност во библиотеките, воведување на нови содржини наменети за наставно-научниот кадар и за студентите, како и во функционалното користење на библиотечниот простор.

# ПОСЕТА НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОДУНИВЕРЗИТЕТСКАТА БИБЛИОТЕКА СТЕНДЕН, ХОЛАНДИЈА

*Подготвила Лидија Мирчевска, виш библиотекар*

На ден 27 мај оваа година во просториите на Библиотеката се одржа работна средба со библиотекари од Универзитетската библиотека на Универзитетот Стенден во Леуварден, Холандија. Посетата на библиотекарите претставува продолжување на соработката меѓу двете институции која започна да се реализира уште од крајот на 2018 година, проект кој беше поддржан од Министерството за култура.

Гостите од Холандија – раководителот Роналд Вијња, библиотекарите Маргриет Ван дер Гиесен и Симон Лендерс имаа работна средба со директорот на нашата Библиотека, м-р Бојан Стефановски и други стручни лица на библиотеката.



Тие разговараа за функционирањето, стратегијата и визијата на нашата институција. Во текот на средбата се разговараше за отворени образовни ресурси (open access сервиси), за обуки на студенти и усовршување на стручниот кадар.

Посетени беа повеќе оддели во Библиотеката, се водеа разговори за стручната работа, во одделите Стручна обработка на монографски публикации и Одделот библиографии – демонстрирана беше COBISS програмата за обработка на библиотечен фонд. Остварена беше и работна посета на Ректоратот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола. Во текот на работната средба со одговорните лица се водеа разговори во врска со соработката и можностите за поднесување на проекти, размена на студенти и размена на искуства. Се одржа исто така и работна средба со директорката на Завод и Музеј во Битола д-р Мери Стојанова, на која се разговараше за можностите за соработка во повеќе области. Библиотеката ја организираше посетата при НУ „Григор Прличев“ – Охриди ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“ – Прилеп, каде со менаџерите на двете институции се водеа разговори за реализација на идни проекти. Во Прилеп се посетија и два Научни институти (Институтот за тутун и ЈНУ Институтот за Старословенска култура), каде гостите се запознаа со значајните сегменти од областите на нивната научно, едукативна, апликативна, издавачка и производствена дејност.



## УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТОТ PROMISE ВО БУКУРЕШТ

*Подготвиле:*
*Фатма Бајрам Аземовска, виш библиотекар и координатор на проектот за Македонија*
*Јелена Петровска, библиотекар советник*

Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ – започна да го реализира проектот „Promise“ во траење од 24 месеци, почнувајќи од 01.09.2018 до 31.08.2020 год. Во проектот се вклучени организации од Германија, Бугарија, Грција, Унгарија итн.Битолската библиотека е прва библиотека која што е учесник во проект на Еразмус +.

Целите на проектот се:

• Собирање информации за оние кои зборуваат ромски јазик, особено на која возраст,

Дали постојат разлики предизвикани од различни нивоа на образование?

– Каде главно се зборува (на пример, дома, на работа, во училиште итн.)?
– Што треба да се направи за да се зачуваат Ромите за идните генерации?
– Како може ромскиот јазик да се користи во образованието за возрасни?

Во рамки на проектот ќе се реализираат следните активности;

• Воведни обуки во Унгарија
• Транснационални состаноци во сите земји-партнери
• Анализа на ситуацијата
• Дизајнирање на следни проекти

Воведниот семинар се одржа во Унгарија од 08-15 ноември 2018 година, присутена беше м-р Јелена Петровска, советник библиотекар.



Од 14 до 18 април 2019 година, претставници од Битолската библиотека беа на семинар во Букурешт – Романија како дел од активностите на проектот PROMISE – проект поддржан од Еразмус +. На состанокот присутни беа библиотекарите Фатма Бајрам Аземовска и Јелена Петровска, кои ги презентираа резултатите од прашалниците во Македонија, кои беа реализирани во месец

февруари и март 2019 година. Целта на прашалниците беа собирање информации за: - Кој зборува ромски, особено на која возраст? - Дали постојат разлики помеѓу луѓето што живеат во градовите и во руралните средини? Дали постојат разлики предизвикани од различни нивоа на образование? - Каде главно се говори (на пр. дома, на работа, во училиште итн.)? - Што треба да се направи за да се зачуваат Ромите за идните генерации? - Како може ромскиот јазик да се користи за образование за возрасни? - Што треба да се разгледа во тоа? - Дали постојат примери за најдобри практики со потенцијал да се пренесат? По презентацијата на секој партнер, се дискутираше на заеднички елементи кои ќе следат од страна на сите партнери, како и воспоставување на некои рокови за реализација / завршување на истражувањето. Во рамки на проектот беше остварена посета на Романската влада, каде што се одржаа дискусии за важноста на образованието за Ромите. Г-ѓа Дана Варга, советник на премиерот на Романија, направи кратка презентација на мерките и проектите усвоени од страна на Владата во врска со ромското малцинство. Г-ѓа Дана Варга исто така, ги презентираше своите проекти во Романија што ги има во тек, како советник на премиерот. Исто така, беше посетена партнерската невладина организација на ФЕДЕР Фондацијата Романија и Фондацијата за образование на Ромите - Романија, каде беше остварена средба со директорот на Фондацијата кој информираше кои програми и какви активности се одвиваат, како функционираат тие итн? Следеше посета на градинка во Galbinasi, Calarasi Каунти каде што повеќето од децата (над 80%) се од ромската заедница. На средбата со наставниците имаше кратка презентација на заедницата, проектот и опис на активностите. Исто така во Галбинаси, беше посетено средното училиште Калараси. Заменикот директор на училиштето беше од ромска националност и ја познаваше заедницата и образовниот систем. Директорот направи кратка презентација на програмата, заедницата и проектите што ги спроведува училиштето во областа на образованието за возрасни. Следна посета беше остварена во општината Солдан - Калараси, во седиштето на градот. За време на состанокот, градоначалникот направи краток опис на општината (над 60% од ромските жители), на проектите и на ромската заедница во општината. Беа обработени прашања поврзани со здравјето, образованието, вработувањето и домувањето на Ромите. Посетени беа училиштето, библиотеката и културниот центар.

## ПОСЕТА НА НАЦИОНАЛНАТА БИБЛИОТЕКА ВО БУКУРЕШТ

*Подготвиле:*
*Фатма Бајрам Аземовска, виш библиотекар*
*Јелена Петровска, библиотекар советник*

Фатма Бајрам Аземовска и Јелена Петровска на ден 16.04.2019 година, оствариjа средба со стручно лице вработен во Националната библиотека во Букурешт – Романија. Беа разгледани сите сектори од Националната библиотека и две изложби кои што беа дел од актуелните настани во Библиотеката. Разговарано е за можностите за соработка, особено во делот за публикации кои се однесуваат на ромскиот јазик, како и други вредни и стручни книги и списанија. Разменети се искуства поврзани со достапни online бази на податоци, програми за каталогизација и искуства од библиотечните програми ALEF и COBBISS, како и искуства од работата со различни групи на корисници на библиотечните фондови. На работната средба се зборуваше и за можности за апликација на европските фондови кои ги подржуваат библиотечните програми. Библиотеката импресионира со својата нова градба и многу голем простор изграден уште во 1986 година, но беше комплетирана во 2012 година.



Во 1859 година, Библиотеката го достигнала националниот статус (Bibliotecă Naţională şi Bibliotecă Centrală - Национална и Централна библиотека) Во 1864 година библиотеката била именувана како Централна библиотека на државата (Biblioteca Centrală a Statului). Во 1901 година сите збирки биле прекинати во библиотеката на Романската академија. Во 1955 година беше организирана Државната централна библиотека, која има атрибути на Националната библиотека. Во 1989 година, по распадот на комунистичкиот режим, Државната централна библиотека повторно беше преименувана во Национална библиотека на Романија

## МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА БИБЛИОТЕКАРИ ВО ЦЕТИЊЕ, ЦРНА ГОРА

Националната библиотека на Црна Гора „Ѓурѓе Црнојевиќ“ („Đurđe Crnojević“) од Цетиње во соработка со Министерство за култура на Црна Гора, по втор пат организираа Меѓународна конференција на библиотекарите, архивистите и музеолозите („MONTENEGRO – Libraries, Archives and Museums LAM 2019“)која се одржа на 16 и 17 мај во Цетиње. Оваа година за конференцијата е одбрана многу актуелна тема поврзана со улогата на ОН 2030 Стратегија за одржлив развој во областа на библиотечното работење, „Европските насоки за соработка на библиотеките, архивите и музеите“. Конференцијата ја отворија Александар Кашќелан, градоначалник на Престолнината Цетиње, Александар Дајковиќ, генерален директор на Директоратот за културно наследство и Богиќ Ракочевиќ, директор на Националната библиотека на Црна Гора. На конференцијата учествуваа над 100 учесници - библиотекари од повеќе земји од регионот. Во делегацијата од нашата земја имаше претставници од јавни и универзитетски библиотеки од Скопје, Штип, Радовиш и Битола. На Конференцијата и во работните средби учествуваше м-р Јелена Петровска, библиотекар советник.Со стручното лице Данијела Радуловиќ од Одделот за музикалии е договорена размена на библиотечните материјали, како и можности за заеднички проекти во иднина Исто така со директорот на библиотеката Богиќ Ракочевиќ е разговарано за можностите за соработка на ниво на повеќе институции, особено во развојот на програмите поврзани со Агенда 2030 и локалната самоуправа.



## СЕМИНАР ЗА ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ ВО БИБЛИОТЕКИТЕ ВО БАЊА ВРУЈЦИ (Р. СРБИЈА)

Во организација на Здружението (InternetClub Srbija) на креатори создадени за поврзување на креативните и бизнис интересите поврзани со заедничките и успешните перформанси на глобалната компјутерска мрежа, од 4 -6 јуни во Бања Врујци (Р. Србија), организиран е Акредитиран семинар за стручното усовршување на тема: „Дигитални услуги во библиотеките 2.0.“

Библиотекари од Србија, Македонија и Босна и Херцеговина имаа прилика да се запознаат со иновативните услуги и алатки за дигитализација наменети за библиотечните корисници.



Весна Црнковиќ од Јагодинската библиотека го отвори Семинарот и даде пресек за применливост на библиотечните активности со користење на референтните системи, услуги на е-управа, информации за здравствена заштита, креирање на игри и кратки филмови (употреба на „animoto“ алати), уредување на дигитални списанија, online пазари за земјоделци, медиатеки, организација на „makerspaces“, Hackathon настани итн.

Врвните предавачи од областа на библиотечната дејност д-р Адам Софронијевиќ, и Мирко С. Марковиќ ја презедоа улогата на медијатори и обединувачи на идеи за демистификација на дигитализацијата. Првиот одржа предавање за пребарување на културното наследство во пракса: примена на Националната рамка за дигитализација, периодични изданија во Р. Србија.

Дејан Маслинковиќ од Министерство за култура на Р. Србија одржа предавање за дигиталната трансформација на установите од културата.

Практичниот дел на Семинарот насловен како „Саем на идеи“ даде насоки за подобро искористување на постојните ресурси на библиотеките како во однос на опрема, така и во однос на стручниот кадар. На Семинарот беа присутни библиотекари и стручни лица од Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ Скопје и НУ УБ „Св. Климент Охридски“Битола кои ги претставија своите програми и идеи за реализација на иновативните програми поврзани со дигитални услуги во библиотеките 2.0, како и од библиотеките„Кочо Рацин“ од Пехчево и „Браќа Миладиновци“ од Радовиш.

## КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА РОМИТЕ – ЖРТВИ НА ХОЛОКАУСТОТ

НУУБ - Битола и „Сумнал“ здружение за развој на Ромската организацијатана ден 25.07.2019 година организираа конференција на тема: „Сеќавање, орговорност и препознатливост на Ромите – жртви на Холокаустот“.Конференцијата е во рамките на проектот “Психосоцијална поддршка и советување, социјален клуб и односи со јавноста на 100 преживеани Роми жртви на Холокаустот“ во Скопје финансиран од EVZ Stiftung – Erinnerung, Verantwortung, Zukunft кој е наменет за постари лица – Роми, жртви на Холокаустот во Македонија родени пред 09 Мај 1945 година, рече Фатма Бајрам Аземовска, од “Сумнал“ невладина организација која е препознатлива по својата работа во нашиот град.Во уводниот дел покрај Аземовска зборуваше и проф. д-р Александар Стерјовски, а беше прикажан и краток филм.

На повикот се пријавија говорници со свои истражувања и погледи кон оваа проблематика, меѓу кои и универзитетски професори, професори по историја од средно и основно образование, студенти и други истражувачи по историја кои се вклучени како учесници во конференцијата.

Сведоштва за Холокаустот презентираа Мустафа Јакупов (Ромите жртви на Холокаустот- заборавени), Антонио Стојановски (Еврејската и ромската заедница во Холокаустот), Џемилиана Абдулова (Еден кошмар за време на Холокаустот), Ивана Балтовска (Жртви на Холокаустот во Република Северна Македонија, со посебно осврт на Ромите-жртви на Холокаустот), Ивана Хаџиевска ((Не)Политички тела, тела кои (не)болат. Историјата на Ромите во Холокаустот во политиките на меморија и институционализирање на меморијата), Мирдита Салиу (Геноцидот на Ромите на Балканскиот Полустров во Втората светска војна), д-р Јасна Софија Косановиќ (Порајмос- ден на сеќавање на геноцидот над Ромите.

Во нивните трудови и самата конференција ќе стави акцент на признавање и сеќавање на Ромите кои биле жртви на Холокаустот. Од сите трудови презентирани на конференцијата ќе биде изработен зборник на трудови.



# УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА НА БИБЛИОТЕЧНАТА УНИЈА ВО ВАРШАВА, 2019

*Подготвила м-р Јелена Петровска, библиотекар советник*

На Конференцијата на библиотечната унија која се одржуваше од 21-25 октомвриучествуваа претставници од НУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје, (д-р Јана Михајловска Иванов), ЈУ Градска библиотека “Браќа Миладиновци Скопје(Сузана Данаилова и Биљана Кочишка) и НУУБ „Св. Климент Охридски“ од Битола (м-р Јелена Петровска) заедно со претставници од Кина, Словенија, Хрватска, Полска и Словачка. Конференцијата е дел од програмите на Форумот на библиотечнатаунија на Кина и земјите од ЦИЕ 17+1. Програмата беше организирана од Националната библиотека на Полска чија активност е предвидена со Декларацијата за меѓусебна соработка, потпишана од сите членки на Унијата.

Во програмата, покрај темите од областа на дигитализација, реставрацијата и заштитата на библиотечниот материјал, авторските права и е-публикациите се реализира и програма за запознавање на процесите на работа во одделите за конзервација и дигитализација.

Во програмата беа вклучени јавни и универзитетски библиотеки со стари збирки, како и најсовремена Мултимедијална библиотека за деца и млади, отворена во 2014 година.Таа е повеќе пати наградувана за своите иновативни програми од роботика, најсовремениот дигитален, едукативен и дидактички материјал за деца (Лего програмирање, Лего креирање на приказни, KNEX конструкции за градење и графички дизајн). Учесниците имаа прилика и за разменување на искуства и меѓусебни контакти како можност за реализирање на заеднички проекти.





# ЗАШТИТА И КОНЗЕРВАЦИЈА ВО НАЦИОНАЛНА БИБЛИОТЕКА ВО ВАРШАВА

*Подготвила м-р Јелена Петровска, библиотекар советник*

Во рамките на Конференцијата на библиотечната унија која што е дел од програмите на Форумот на библиотечна унија на Кина и земјите од ЦИЕ 17+1, која се одржа од 21-25 октомври во Варшава (Р. Полска), обработена беше и тема за заштита и конзервација на библиотечните колекции. Учесниците имаа прилика да ја посетат Нациналната библиотека на Полска и да се запознаат со најсовремените лаборатории за заштита на ретките и стари ракописи, како и со техниките кои се користат возаштитата:

– сушење на замрзнати колекции,
– дезинфекција на колекциите со гас Ротанокс, заедно со проветрување,
– микробиолошко испитување и мерење на киселоста на хартијата,
– подготвување извештаи за професионална конзервација во врска со состојбата на заштитена колекција и услови за нивна заштита

Со оглед на големи финансиски трошоци за реставрација на старите книги и ракописи, стручни библиотекари донесуваат одлука што ќе се за-

штити. Постои процедура која што ги предвидува сите фази од донесувањето на одлука до крајниот резултат и соодветна документација на постапките и правењето на извештаи. Имавме прилика да ги видиме т.н. влажни процеси во конзервација, потоа хемиската лабораторија, делот за рачна реставрација, делот за механизирана реставрација, просторијата за стерилизација, различни видови на машини кои се користат за заштита на книгата, перењето и сушењето на книги и периодичен материјал.





Во лабораторијата на библиотеката ги видовме начинот на третирање на напишани споменици на културата на хартија и пергамент кој што беа во распаѓање,ракописи, стари печатени книги, документи, уметнички материјали, фотографии, графики, цртежи и мапи. Проследивме и анализа на микроорганизми пронајдени во одделни ракописи. Беа применети сите физичко хемиски процеси што го продолжуваат животот на хартијата и пергаментот, кожните корици беа соодветно третирани и понатаму сместени во специјални кутии изработени од конзерваторите. Овие процеси подразбираат: механичко чистење, миење, неутрализирање, засилување, отстранување на дамки и третирање со течен азот кој понатаму останува на книгата во вид на бел прав и кој служи за конзервација.





Во нашата држава НУ Националниот конзерваторски центар во Скопје се грижи за заштита на културно наследство на територија на целата држава. Дел од јавните библиотеки поседуваат помали одделенија за заштита на книгата, но тоа е само во оној дел на примарна заштита на книгата со лепење и помали интервенции. Во Битола се вршат помали поправки на книгата и подврзување на библиотечниот материјал (брошурано,тврдо-платнено, шиено, полуплатнено, лајмовано, цело платно итн

# ХОРТИКУЛТУРНИ БИБЛИОТЕКИ

*Подготвила м-р Јелена Петровска, библиотекар советник*

Во Лазаревац, Р. Србија на 10 и 11 октомври 2019год. се одржа Втората национална смотра и Првата регионална смотра на хортикултурни библиотеки во организација на Национална библиотека „Димитрије Туцовиќ“ од Лазаревац. Мирко С. Марковиќ, главен раководител на мрежата за хортикултурни библиотеки одБиблиотеката - домаќин се погрижи за многу богатата Агенда во која беа вклучени и повеќе работни средби и договори со учесниците.

Во мрежата на хортикултурни библиотеки активно зедоа учество претставници од Лазаревац, Чајетина и Кикинда (Р. Србија), Зворник (Р. Српска), Тузла (Босна и Херцеговина), Винковци (Р. Хрватска) и Битола (Р. Северна Македонија). На средбата беше присутен и Ласло Блашковиќ, директор на Народната библиотека од Србија.

Претставниците на библиотеките од регионот разменаа искуства од библиотечните активности поврзани со хортикултурни библиотеки, како и од спроведување на активностите според програматаОН Агенда 2030 на УНЕСКО за влијанието на библиотеките врз потребите на заедницата.

Во работниот дел се дефинираа целите, принципите на работа, заедничките проекти и ширењето на мрежата во одделни држави, како и донесувањето на одлука за потпишување на основачки акт за формирање на хортикултурна мрежа на библиотеки.



Учесниците од НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола, м-р Јелена Петровска, библиотекар советник во Одделот за развој на библиотечната дејност и проф. д-р Даниела Ќурчиевска, член на Управниот одбор на библиотеката, воспоставија контакти и работна средба со претставници на РЕ Колубара во врска со промовирање на еколошки проекти, особено проектот за рекултивација на површините во РЕК Битола, по примерот на РЕ Колубара кои со години ги развиваат сличните програми. На овој начин библиотеката ги остварува целите кои се однесуваат на одржливиот развој особено во сферата на екологијата, одржливоста на расположливите ресурси како дел од концептот за т.н. паметни градови. Библиотеката ќе продолжи со активно учество во еколошките програми и подигање на свеста за зачувување на околината и воведување на нови иновативни програми за своите граѓани.

# ВОВЕДУВАЊЕ НА СЕГМЕНТОТ COBISS3 / НАБАВКА



*Подготвила Анета Стефановска, библиотекар советник*

Во 2017 година од 3-5 октомври во НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје се одржа обука за COBISS3/ Набавка – монографски публикации, на која учествуваа двајца претставници од нашата установа, а од 2018 година сегментот Набавка се спроведе практично во НУУБ „Св. Климент Охридски“- Битола.

Со претходно наведениот сегмент за прв пат автоматизирано се изведува комплетирањето на монографски публикации во НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје и НУУБ „Св. Климент Охридски - Битола. Со тоа нашата установа се здоби со нов начин на комплетирање на монографските публикации. Придобивките од сегментот COBISS3/ Набавка се многу значајни, со оглед на тоа што се води комплетна евиденција на сите монографски публикации кои се набавуваат односно влегуваат во установата. Со овој начин на обработка, нашата установа се осоврмени и модернизира следејќи ги најновите трендови што се применуваат во програмот COBISS3.

Cobiss3/Набавка е сегмент кој на библиотеките им овозможува автоматизација на целокупни-

од процес на набавка на монографските публикации, прием на граѓа по пат на размена, прием на архивски примерок кој претходно го внесуваат во НУБ - Скопје, подарок и други начини на прием на граѓа; рекламација на непристигнатата граѓа и сл.

Придобивките од сегментот COBISS3/Набавка се многу поголеми од очекувањата, со оглед на фактот дека не само што се врши набавката во претходно наведениот сегмент туку истовремено се заштитува недвижното културно наследство од исчезнување што е приоритет на нашата држава.

Во 2018 година се внесени:694 книги за возрасни – магацин;128 книги за деца – магацин;1113 дупликати;145 книги од Роднокрајната Збирка;406 магистерски и докторски дисертации и388 австриска литература. Вкупно за 2018 година се внесени 2874 монографски публикации и др.

Во 2019 година се внесени:1219 книги за возрасни – магацин; 481 книги за деца – магацин;84 книги од Роднокрајната Збирка;1150 австриска литература. Вкупно за 2019 година се внесени 2934 монографски публикации и др.

Досега не се внесуваат архивскиот примерок и дел од туѓата литература.

## ОБРАБОТКА НА ФОНДОТ ОД НЕКНИЖНАТА ГРАЃА Е-КНИГИ И МУЗИКАЛИИ

*Подготвил д-р Николче Вељановски, библиотекар советник*

Оваа статија можев да ја напишам, но и не морав, затоа што работам во оддел Збирка туѓа литература повеќе од 32 години. Како најстар по стаж библиотекар во Библиотеката прифатив и задачи за координирање на работата во Секторот Библиографии, комплетирање, каталошка обработка и Збирки. Тоа го работам веќе три години. Сепак, како долгогодишен уредник и иницијатор за Списанието се нафатив за една неблагодарна работа, да напишам за тоа како се одвиваше процесот на обработка на некнижната граѓа во одредени периоди и покрај тоа што досега не профункционирал Оддел за мзикалии кај нас. Овој проблем кој можеби треба да го бараме кај одговорните на Библиотеката некако се пренесе и на другиот вид некнижна граѓа, односно е-книги.

Од свое лично искуство, можам да кажам дека ентузијазмот на вработените во најголема мерка им помага на одговорните на една установа. Покажав голем ентузијазам и бев иницијатор на автоматизацијата на библиотечните процеси во Библиотеката која се приклучи на COBISS – платформата во 1996 година, како и на воведувањето на предметизацијата во Одделот за каталошка обработка во истата година. Но сепак, ентузијазмот на вработениот доколку не е поддржан од одговорниот на Установата, паѓа во вода.

Некнижниот фонд во НУУБ – Битола пристигнувал и пристигнува воглавно како задолжителен фонд: музички аудио- касети, грамофонски плочи, ЦД / ДВД – РОМ-ови (музички, филмски, електронски книги и сл.). Еден подолг период за време на автоматизацијата на Библиотеката оваа граѓа се прибираше и чуваше. Од почетокот на 2011 година добар дел од т.н. музикалии од просторите на поранешна Југославија и Библиографскиот оддел, а денес, во пензија (Јоланда Бошевска, библиотекар советник, Цветанка Дамјановска, библиотекар советник и Ленче Секуловска, виш библиотекар).

Во сите други Оддели започна и каталошката обработка на е- книги на ЦД/ДВД – РОМ со тоа што тие се обработуваа како додаток на книгите и остануваа во самите книги. Во меѓувреме се појавија проблеми, односно недоразбирања во мислењата околу нивната безбедност на чување и издавање, па затоа се прекина со нивната обработка и тие се прибираа настрана.



Посебен ентузијазам за нивната обработка како посебни издвоени додатоци, односно како самостојни библиотечни единици немаше ниту од врабрените ниту од одговорните на Библиотеката. Остануваше само идејата да се обработуваат спо-

ред примерот на нивната обработка во НУБ – Скопје. Постоеја дилеми како и каде да се сместуваат.

Од јуни оваа година, конечно се појави силна иницијатива од страна на Марија Малгожата Мачковска од Одделот за каталошка обработка на монографски публикации за обработка на е-книгите кои долго време, воглавно, беа прибирани во истиот Оддел. Оваа иницијатива беше поддржана од мене како координатор на Секторот, а вработените од сите Оддели каде се одвива каталошката обработка на монографски и сериските публикации прифатија да започнат со обработка на заостанатите е- книги на ЦД/ДВД – РОМ-ови на два начини:

1. е- книги како додаток на монографските и сериските публикации и носат иста сигнатура како и публикацијата, но на неа е означено дека тие се додаток;
2. е- книги кои се обработуваат како самостојни електронски извори.




Со првиот начин на обработка, по сигнатурата дознаваме за начинот на набавка на е-книги кои се додаток, а се изнајмуваат како посебен библиотечен материјал во зависност од потребата на корисникот (дали му се потребни и публикацијата и е-книгата, или само едната од нив).




Со вториот начин на обработка, по сигнатурата гледаме дека е-книгата (ЦД/ДВД – РОМ) е самостоен електронски извор (ЕК) кои се секогаш со формат ПРВ (обележани со римско еден "I"). Секако дека, на почетокот, сигнатурата ја носи и подлокацијата (А – за задолжителен примерок) и тн.

Договорено е инвентарниот број за сите електронски книги, без оглед дали се додаток или самостоен електронски извор, да носи почетен број „8" што се гледа и од горенаведените примери каде книгата го носи својот инвентарен број кој започнува со број „9".

Е- книгите се сместувааtt во посебни витрини со полици кај магацинскиот простор поделени според еден од двата горенаведени начини, а потоа и по подлокација и формат. Заради безбедност, задолжителните е-книги се заклучуваат.

Фондот на електронските книги, без оглед дали е додаток или не, се внесува во влезната книга како посебен библиотечен материјал.

# БИБЛИОТЕКАРСТВО ПРЕТСТАВЕНО СО ТЕМАТСКА ИЗЛОЖБА

*Приредила Ленче Андоновска, библиотекар советник*

Библиотеките ја одиграле улогата на центри на зачувувањена сè она што е трајно и вредно, истото да се презентира и популаризираи на истото да му се продолжи векот со ефективна заштита на културното наследство.

Раководител на проектот „Тематска изложба за библиотекарство, презентација и популаризација на културното наследство" е Ленче Андоновска, библиотекар советник и соработник Гордана Пешевска, библиотекар советник. Осврт кон изложбата имаше г-ѓа Милица Димитријоска Радевска, професор во СОУ „Таки Даскало" - Битола







проследено со поезија. Во организација на професорката г-ѓа Весна Мундишевска - Велјановска се презентира Изложба на изданија подготвени од учениците од графичката струка при СОУ „Таки Даскало“ - Битола и демонстрација на реставрација на истите.

Модератор на манифестацијата беше професорката г-ѓа Симона Петревска и на крај се обрати раководителот на проектот Ленче Андоновскакоја истакна како се дојде до идејата, како се извршија тематски истражувања, селекција на материјалот и истиот се презентира и популаризира. Проектот е финансиран од Министерството за култура за 2019 година.

## ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ“ 2019

*Подготвила Гордана Пешевска, библиотекар-советник*

Откако Библиотекарското здружение на Македонија на својата Веб – страна го даде известувањето за реализирање на општинските натпревари „Млади библиотекари“ во Македонија, НУУБ – Битола состави трочлена комисија за спроведување на натпреварот. Комисијата во состав: претседател Илче Стојановски, виш библиотекар, членовите Гордана Пешевска, библиотекар советник и Ленче Андоновска, библиотекар советник ги извести сите основни училишта во Битола и Битолско. На 01. 11. 2019, со почеток во 11 часот, во новата читална на вториот кат од новиот дел од Библиотеката се одржа Натпреварот на кој зедоа учество ученици од основните училишта од Битола и по еден ученик од училиштата во с. Бистрица, с. Новаци и с. Могила, вкупно тринаесет претставници.





По прегледувањето на тестовите беа познати најдобрите тројца натпреварувачи: Првото место со освоени 94 поени и припадна на Стефанија Цветановска од ОУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци, второто место и припадна на Бисера Пројкоска од ОУ „Св. Кирил и Методиј“ – Битола со освоени 82 поени и на трето место се најде Викторија

Наловска од ОУ „Тодор Ангелевски“ – Битола со освоени 76 поени.

Присутните ги поздрави и им ги додели наградите директорот м-р Бојан Стефановски. Тројцата најдобри учесници добија дипломи и награди од луксузни изданија на детски енциклопедии, а на сите учесници им беа доделени благодарници, додека на нивните ментори им беа доделени потврди за учество. Според утврдените правила за овој натпревар, на 20. Републички натпревар „Млади библиотекари“ што се одржа во Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ Скопје на 15.11.2019 г. учествуваше првопласираната ученичка Стефанија Цветановска, покажувајќи одличен резултат. Меѓу 24 натпреварувачи од цела Македонија, таа го освои второто место со 106 поени, само два поени помалку од првопласираната ученичка на ОУ „Песталоци“ Скопје (108 поени). На трето место беше ученичка – претставник на основните училишта од Прилеп. И овојпат се продолжи традицијата на најуспешни натпреварувачи – млади библиотекари од Битола.





## 70 ГОДИНИ БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА

*Подготвила м-р Милка Котевска, библиотекар*

Оваа година Библиотекарското здружение на Македонија одбележува значаен јубилеј -70 години од неговото формирање. Историскиот развој на Здружението почнува од основачкото собрание на **Друштвото на библиотекарите на НРМ** коесе одржало на 16 септември 1949 година во просториите на Средната музичка школа во Скопје, со задача да работи на подигнувањето, унапредувањето и ширењето на библиотечната мрежа, издигнувањето на библиотечните кадри и одгледувањето на библиотечната струка, како и да дава мислење и помош по сите други прашања од областа на библиотекарството. На собранието присуствувале 49 библиотечни работници од сите градови на СР Македонија во кои постоеле библиотеки во тоа време и станале негови први членови. Првиот претседател на Друштвото бил Епаминонда Попандонов, директор на Народната библиотека во Скопје. Решението за основање и работа на Друштвото излегло во Службен весник на НРМ на 1.03.1950 година (бр. 4, стр. 31).

Јубилејот 70 години Библиотекарско здружение на Македонија е значаен настан и повод ние, библиотекарите, да погледнеме назад на изминатиот пат, да ја утврдиме состојбата во која се наоѓа денес нашето библиотекарство и да се обидеме да ја согледаме перспективата за идниот развој.

По тој поводБиблиотекарското здружение на Македонија организираше меѓународна стручно-научна конференција која се одржа во Штип, во Мултимедијалниот центар „Киро Глигоров“ на 17 и 18 октомври 2019 година.





44

Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија — Скопје, надлежно по чл. 13 буква г) од Законот за удруженијата, соборите и другите јавни скупови, решавајќи по предметот одобрување основањето и работата на "Друштвото на библиотекарите во Народна Република Македонија" со седиште во гр. Скопје, донесе следното:

РЕШЕНИЕ

ЗА ОСНИВАЊЕ И РАБОТАТА НА "ДРУШТВОТО НА БИБЛИОТЕКАРИТЕ НА НРМ" СО СЕДИШТЕ ВО ГР. СКОПЈЕ

Одобрува основањето и работата на "Друштвото на библиотекарите на Народна Република Македонија" со седиште во гр. Скопје, а со право на дејност на територијата на Народна Република Македонија.

Решено во Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија — Скопје на ден 17 декември 1949 година под IV, бр. 24091/49.

П—2—25

*Првиот претседател Епаминонда Попандонов (1898-1968) и решението за основање за работата на Друштвото*

Теми на конференцијата беа:

1. „Јубилеј 70 години Библиотекарско здружение на Македонија";
2. „30 години COBISS во Македонија – придобивки и значење за развојот на библиотеките и библиотечната дејност";
3. „Професионализација и заштита на библиотекарската професија".

Конференцијата беше свечено отворена од Градскиот хор од Штип, а потоа на присутните им се обрати претставникот од Кабинетот на министерот за култура Афет Јашари, претставник од општина Штип и од штипската библиотека „Гоце Делчев" која беше и домаќин на оваа конференција, како и претседателот на Здружението Јана Михајловска-Иванов. Свечено обраќање по повод 70 години БЗМ имаше Благој Николов, претседател на Здружението во периодот 2012-2018.

На првиот ден од конференцијата беа претставени вкупно 30 излагања на трудови од посочените теми во три сесии. Со свои предавања беа присутни и гостите од „Институт информационих знаности" од Марибор, Словенија заедно со нивниот директор Алеш Бошњак; претставници од Национална Библиотека „Ѓурѓе Црнојевиќ" - Цетиње, Црна Гора; Универзитетот „Истанбул" - Истанбул, Турција; Народната Библиотека „Стеван Стремац" - Ниш, Србија; претставник од Народната Библиотека на Србија - Белград, Србија, како и претседателот на Библиотекарското друштво на Србија Богдан Трифуновиќ. Следниот ден беа излагањата на колегите од НУБ „Св. Климент Охридски" - Скопје на тема: „Матичната улога на НУБ „Св. Климент Охридски" - Скопје: предизвици, проблеми и решенија". На конференцијата зедоа учество над 160 учесници.

Од нашата библиотека со свои предавања се претставија Лидија Мирчевска, виш библиотекар со трудот: „Професионализација на библиотекарската професија", м-р Јелена Петровска, библиотекар советник со трудот „Библиотекар-футурист: новите компетенции и професионализација на струката", м-р Милка Котевска со „Издавачката дејност на Библиотекарското здружение на Македонија" (power point презентација), додека трудовите на Ленче Андоновска, библиотекар советник „Библиотекарската професија – предизвик за нејзина професионализација и заштита" и Гордана Пешевска, библиотекар советник „Современото библиотекарство како професија" не беа презентирани, но ќе бидат објавени, заедно со останатите трудови, во најновиот број на списанието „Библиотекарство".

По завршувањето на Конференцијатаи доделувањето на сертификати за учество, настанот се заокружи со одржување на 46. Годишно собрание на Библиотекарското здружение на Македонија. На Собранието претседателот на БЗМ, д-р Јана Михајловска-Иванов поднесе извештај за работата на ИО на БЗМ во периодот јуни 2018 – септември 2019, како и финансиски извештај за тој период; се избра Комисија за натпреварот „Млади библиотекари" и се даде предлог за одвојување на Годишното собрание на БЗМ (период на одржување: мај) од Конференцијата на БЗМ (период: на две години во октомври) што беше едногласно прифатено од сите делегати на Собранието.

Одбележувањето на овој јубилеен настан - 70 години Библиотекарско здружение на Македонија заврши со конструктивни размислувања и идеи за поголема соработка помеѓу библиотекарите преку одржување на работилници, семинари, научни средби и конференции за размена на искуства и идеи од тековната работа.





*Членови на Извршниот одбор на БЗМ и предавачи на Конференцијата*

# ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА, ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ, ПРЕДАВАЊА

*Подготвила*
*Фатма Бајрам Аземовска,*
*виш библиотекар*



**6.12.2019**
**Претставување на творештвото на Винка Саздова**



Денеска се чекаше ред за купување на книги од авторите Винка Саздова и Венко Андоновски во Битолската библиотека.НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола и Издавачкиот центар ТРИ со големо задоволство на битолските читатели им организираа средба со една од најпопуларните македонски авторки, Винка Саздоваза промоција на нејзиното творештво.За творештвото на Саздова говореше писателот проф. д-р Венко Андоновски.

Винка Саздова е автор на романите „Последниот чај“ (2009), „Полиња со диви нарциси“ (2011), „Понекогаш доаѓа среќа“ (2013) и „Луна“ (2015). „Последниот чај“ е преведен на српски, хрватски и бугарски јазик.Двапати ја има добиено наградата „Најчитан автор“ во 2012 г. од НУБ „Св. Климент Охридски“, а во 2014 година од Градската библиотека „Браќа Миладиновци“.

**6.12.2019**
**Свечено одбележан Патрониот празник**

Битолската библиотека денеска свечено го одбележа Патрониот празник. На почетокот на настанот на присутните им се обрати м-р Бојан Стефановски, директор на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола. Присутните гости уживаа во прекрасниот поетско - музички рецитал по повод 50 години „Деницијa“ од Петре М. Андреевски, Метафора на животот, љубовта и смртта во кој учествуваат професорите Николина Поповска, Марија Младеновска Димитровска и Марјан Та-



севски и учениците Божидар Николовски и Борјана Видановска. На крај следеше промоција на Списанието Библиотечен тренд бр. 46-47, Зборникот на излагања од 13-та Роднокрајна средба со битолските писатели во Македонија и Млади поетски перформанси (Избор на поетски творби), Книга 2 – промотор беше библиотекарот Илче Стојановски.

**19.12.2018**
**Млади поетски перформанси – 2**

НУУБ – Битола на ден 19.12.2018 година, ја промовираше книгата „Млади поетски перформанси – избор на поетски творби, книга 2“.




Веќе втора година, Библиотеката со голем ентузијазам го реализира проектот „Млади поетски перформанси“ наменет за млади автори на поетски творби од Пелагонискиот регион, за ученици од 5-9 одделение од основните училишта, ученици од средните училишта и млади на возраст од 18 до 24 години. Целта на проектот е да ги поттикнеме и мотивираме младите литературни творци да пишуваат, да го промовираат и афирмираат своето креативно творештво, за прв пат да се објават во збирка поезија со што ќе им се даде можност да се претстават пред пошироката јавност.

**24-25.12.2018**
**Саем на „Просветно дело“**

На ден 24 и 25 декември 2018 година во НУУБ „Свети Климент Охридски“ - Битола се одржа саем на книгата во организација на Просветно дело

каде можеа да се купат сите најнови изданија на сликовници, книги, прирачници и слично. Исто така, учениците од неколку основни училишта кои присуствуваа заедно со своите наставници имаа можност да поразговараат со уредниците, илустраторите и писателите за деца од списанијата „Росица“, „Развигор“, „Другарче„ и „Наш Свет“.

**30.01.2019**

„**Крај барата**“ од Љубе М. Митрејчевски

Во катчето наменето за најмалите читатели на библиотеката беше претставена книгата „Крај барата“ од авторот Љубе М. Митрејчевски. Промо-



цијата ја отвори и им посака добредојде на учениците, директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола м-р Бојан Стефановски, а за книгата зборуваше и авторот. На промоцијата беа присутни и активно беа вклучени учениците од ОУ „Даме Груев“ од Битола, под менторство на наставничката Нела Неделковска. Учениците кои не го криеја задоволството од присуството на промоцијата покрај со авторот на „Крај барата“, Љубе М. Митрејчевски имаа прилика да разговараат со битолските писатели Радован П. Цветковски и Добре Тодоровски.

„**Креативни умови ја креираат иднината**“

Учениците од Заводот за рехабилитација за деца со оштетен слух „Кочо Рацин“ во Битолската библиотека денеска беа учесници во реализацијата на проектот „Креативни умови ја креираат иднината“ финансиран од Владата на САД, подготвен од Здружението за развој и иновации на библиотеки „Инова Либ“. Тие имаа можност



да се запознаат со современото библиотечно работење. Им беа дадени информации за студирање во странство, ефективно пребарување на информации на Гугл, пишување мотивациско писмо и CV.

**07.03.2019**

**Средба со Сара Жислер**

Амбасадата на Швајцарија, Францускиотинститут од Скопје, и НУУБ „Св.Климент Охридски“ Битола, во присуство на Жана Фам Тран, претставничка на голема француска издавачка куќа Éditions des Équateurs беше претставен романот „Малечка“ од Сара Жислер во издание на „Или-Или“. Авторката се претстави со приказната за нејзиниот тежок живот како дете кое мора да расти во семејство на разведени родители.



На дваесет години си заминува од дома, автостоп и без пари в џеб. Во книгата раскажува за своите талкања за спас.

**06.03.2019**

„**Љубов со големи дела – Баба**“

По повод 8-ми Март, Меѓународниот ден на жената, во организација на Организацијата на жени – Битола и НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола се одржа свечена програма на која беа доделени награди и дипломи по распишаниот кон-



курс за краток расказ на тема „**Љубов со големи дела - баба**“. Од пристигнатите 18 творби, жири комисијата во состав: Илче Стојановски, Елизабета Марковска и Светлана Папачек ги додели први-

те три награди за ученици и возрасни: Прва награда за творбата „Љубов со големи дела“ од Михаела Марковска од ОУ „Браќа Миладиновци“, с. Добрушево. Кај возрасните беше доделена прва награда за творбата „Планина од полски цвеќиња“ од Ели Маказлиева. Во програмскиот дел на Манифестацијата со музички поетски творби настапија децата од детската градинка „Мајски цвет“ – Битола.

**21 Март, Светскиот ден на поезијата**

НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола и Здружението за наука и култура НОВА - Битола по повод 21 Март, Светскиот ден на поезијата ги претставија книгите поезија „Судбината на буквите“ од Мирјана Стојановска и „Некои златни времиња“ од Васил Тоциновски, присутните имаа можност да им поставуваат прашања на авторите.



Програмата беше збогатена со музички точки со интерпретација на стихови од Симеона Павловска и соло изведба на Драган Микаровски

**25.03.2019**

**Програми за слепи лица и лица со оштетен вид**

По повод 74-тиот роденден на НУУБ „Св.Климент Охридски“ – Битола (25.03.1945), во рамки на активностите кои се предвидени со проектот за „Дневна соба на градот“, библиотеката во соработка со НУ Народен театар Битола, Сојуз на слепи лица Битола и Лајонс клуб Битола промовираше програма на литературни дружења со читање на избрани популарни извадоци од книги по избор на самите учесници, слепи и лица со оштетен вид. Овие средби ќе се одржуваат еднаш месечно и учесниците освен што ќе имаат прилика да се релаксираат со добра книга, ќе можат и сами да учествуваат во осмислувањето на идни активности.



**02.04.2019**

**Светскиот ден на литература за деца**

НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, НУ Народен театар – Битола и Детската градинка „Естреја Овадија – Мара“ – Битола заеднички го одбележуваа Светскиот ден на литература за деца. Настанот се одржа на ден 02.04.2019 година , со читање на приказната „Грдото пајче“ од страна на глумецот Никола Пројчевски, вработен во Битолскиот театар.



**Курс „Информациска писменост“**

Во новата сала на НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола се одржа курс за вработените од институцијата и за студентите од Педагошкиот факултет - Битола на тема „Информациска писменост - пребарување на научна литература во COBISS/OPAC“.




Предавач беше м-р Влатко Момировски - библиотекар, вработен во Библиотеката за јазик и литература во Бамберг, Баварија, Германија. Тој зборуваше за фондот на германската библиотека и за процесите на работа во истата, одговарајќи на повеќе прашања.

**8-ми Април – Меѓународен ден на Ромите**

Националната установа универзитетска библиотека „Св.КлиментОхридски“ –Битола и ромските невладини организации „Сумнал“ – здружение за развој на Ромската заедница и „Баирска Светлина“ заеднички го одбележаа 8-ми април – Меѓународниот ден на Ромите под мотото „**Градиме мостови кон иднината**“.

Се садеа садници и цвеќиња во дворот на ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола во чест на Нешат Азе-



мовски, се одржа работилницата „Учиме за Ромската култура и традиција“ во соработка со ЈОУДГ „Естраја Овадија Мара„ од градинката Снегулка и им се поделија ваучери на децата за бесплатно членство во библиотеката, исто така беше прикажан и документарниот филм „Запознај ја Вашата сосетка ромка“, импелементиран од РКМЦ – Барикан ипе.

**22.04.2019**

СВЕТСКИ ДЕН НА КНИГАТА И АВТОРСКОТО ПРАВО

**Работилница ”Voyageons en lisant“**
(„Патување“)

Библиотеката во рамките на промовирање на нови и креативни услуги за сите возрасни групи го одбележа Светскиот ден на книгата и авторско право со низа активности.Беа прочитани пораките на г-ѓа Одре Азуле (Audrey Azoulay) Генерален директор на УНЕСКО и Милчо Манчевски, режисер, писател и фотограф. Во програмата по истиот повод беше организирана Работилница за млади “**Voyageons en lisant**“ („Патување“) за правење на е-книга инспирирана од книгите на писателот Никола Бувие. На работилницата се придружи и Коста Ќука како претставник на лица со попреченост со пишување на инспиративни мисли на големи автори.Проектот е поддржан од Француски Институт Скопје.




**Прирачник „Библиографски опис на составни делови“**

Прирачникот „Библиографски опис на составни делови“ од авторите Валентина Дојчиновска-Илиоска, Наташа Бундовска и Софче Марковиќ претставува несомнено многу корисна алатка за библиотекарите кои се бават со изготвување на библиографии, прирачник кој ги вклучи сите правила за библиографски опис на составни делови. Промоторот на прирачникот проф. др Добри Петровски зборуваше за важноста од препознавањето на широката јавност на библиотечната дејност, особено за билиотечната професија која е со години на маргините од културната сцена.



**Работна средба**

Во рамките на завршната манифестација по повод на прославувањет на Светскиот Ден на книгата беше организирана стручна средба на директорот од Националнатауниверзитетска библиотека „Св. Климент Охридски од Скопје г-н. Фримзим Даути и м-р Бојан Стефановски, директор на НУУБ „Св. Климент Охридски“ од Битола.На средбата беа присутни и библиотекарите Вики Костова од кабинетет на директорот од НУБ – Скопје, како и колешките од Библиографскиот центар: Валентина Дојчиновска-Илиоска, Наташа Бундовска и Софче Маркова, проф.д-р Добри Петровски од Педагошскиот факултет од Битола и претседателот на управниот одбор на НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола д-р Јосиф Петровски.Стручните лица од битолската библиотека и библиотеката од Скопје разменија искуства од тековното работење, можностите за заеднички активности и проекти, како и проблеми од областа на библиотечното работење.



**18.05.2019**

**„Сто години Версајски договор“**

Амбасадата на Франција и Францускиот институт во Скопје, во соработка со Правниот факул-




тет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола, се организатори на научната конференција **„Сто години Версајски договор"**, која се одржа во НУУБ - Битола. Градоначалникот на Општина Битола м-р Наташа Петровска го поздрави присуството на амбасадорот на Франција Н.Е. Кристијан Тимоние и проф. д-р Сашо Коруновски, ректор на Универзитетот во Битола.

**21.05.2019**
**„Битола во стиховите на младите автори"**



НУУБ - Битола и Здружението за наука и култура НОВА по повод 24 Мај - Денот на сесловенските просветители светите Кирил и Методиј го промовираа зборникот песни **„Битола во стиховите на младите автори"** во која се објавени педесетина песни на ученици од основните и средните училишта во Битола.

**22.05.2019**
**Збирка песни „Трето В"**

Пред Саат Кулата се одржа отворен час по повод чествувањето на Денот на просветителите, светите Кирил и Методиј. Учениците од трето „В" одделение од ОУ ,,Елпида Караманди» - Битола реализираа содржини посветени на словенските просветители спроведувајќи го дијалогот како стратегија за градење на заедничка мисла.



Во продолжение на овој настан се промовира збирката песни „Трето В", на која како автори се јавија сите ученици од ова одделение под менторство на нивниот одделенски наставник д-р Фанче Јошевска. Издавач на збирката е Библиотеката.

**06.08.2019**
**On-line сликовница „Шарен детски свет"**

Во просториите на детската градинка „Пролет" – Битола се одржа промоција на **on -line сликовницата „Шарен детски свет"** од авторката Васка Јовановска, во издание на НУУБ – Битола и **Едука Мак** ДОО – Скопје**.**Проектот настојува да ја сензи-



билизира пошироката јавност за еднаков третман и пристап на лицата со оштетен слух, говор и вид до јавните институции и јавните добра. Во рамките на проектот обработени се 13 раскази чија содржина се раскажува и со знаковен јазик. Голема благодарност за финансиската поддршка од Општина Битола – БИТФЕСТ 2019 година и Министерството за култура на Република Северна Македонија и тоа што го препозна овој проект како сериозен, потребен и иновативен проект. Сликовницата „Шарен детски свет" е збирка од 13 наслови, илустрирани драмски текстови, наменети за деца од предучилишна и рана училишна возраст, но и за воспитувачите, наставниците и родителите. Координатор на проектот е м-р Фатма Бајрам Аземовска.

**01.09.2018**
**Проектот „Promise"**



Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски" – започна да го реализира проектот „pROMise" која ќе се реализира во траење од 24 месеци, почнувајќи од 01.09.2018 до 31.08.2020 год. Во проектот ќе бидат вклучени организации од Германија, Бугарија, Грција, Ун-

гарија итн.Битолската библиотека е прва библиотека која што е учесник во проект на Еразмус +.

**Изучување на шпанскиот јазик**

Библиотеката на над 60 сегашни членови им даде можност за изучување на шпански јазик бесплатно.



Волонтерите Давид и Хуан се дел од програмата на Еразмус + и вклучени во програмските активности на „Сумнал" - здружение за развој на Ромската заедница. Активносите траеја два месеци, септември и октомври.

**06.09.2019**
**Книжевна вечер со Ѓорѓе Д. Сибиновиќ**

Беа преставени три дела преведени на македонски јазик на еден од најчитаните српски автори Ѓорѓе Д. П. Сибиновиќ, романот „Низводно" поетската збирка „Перото Вилијам Шекспир" и збирката есеи „Година на бунтот".




Промотор на настанот беше Елена Богдановска, додека модератор Михајло Свидерски

**13.09.2019**
**Посета на Министерот за култура**

Директорот на Библиотеката м-р Бојан Стефановски оствари работна средба со Министерот за култура на Р.С. Македонија г-дин Хусни Исмаили, г-ѓа Македонка Коцева - раководител на сектор на културно наследство и г-дин Фатон Фазлиу - шеф на кабинет, д-р Мери Стојанова од Завод и музеј во Битола и директорот на Музејот на албанската азбука во Битола. Тие имаа прилика да разговараат за организациската поставеност на вработените по одделни сектори и нивната подобра организираност, можности за унапредување на библио-



течната и музејска дејност, реализирање на проекти во моментот, можности за организирање на стручни средби, собири и конференции како и за унапредување на работата на јавните институции и соработка со Министерството за култура

**14-2-.10.2019**
**Австрија чита**

Најголемиот австриски литературен фестивал во неговото 14. издание „Австрија чита. се одржа од 14.10.-20.10.2019 во Австрија и е понуден и на Австриските библиотеки во странство. Една од 65 Австриски библиотеки во 28 држави се наоѓа токму во Битола која се приклучи кон фестивалот со две манифестации: две работилници една за ученици кои го изучуваат германскиот јазик во основно училиште и една за ученици кои го изучуваат германскиот јазик во средно училиште.




Во рамките на месецот на книгата, НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола заедно со Австриската библиотека организираа:29.10.2019 во 16.30 часот работилница за Австриската писателка Мира Лобе, со ученици од 6. - 9. одделение од ОУ „Гоце Делчев" и ОУ „Тодор Анѓелевски" од Битола; 30.10.2019 во 17.00 часот се организира работилница за Австриската писателка Кристине Нестлингер со ученици од СОЕУ „Јане Сандански" - Битола.

**20.11.2019**
**Промоција на книга**

Во издание на книгоиздавачката куќа ,,Матица"-Скопје, од печат излезе најновиот роман „Сестра Касијана" чиј автор е писателот Добре Тодоровски.




Во романот се обработува реална приказна за два света на носечкиот лик, оној

од световното живеење и подоцна од монашкиот живот. Промоцијата на книгата се одржа во НУУБ – Битола. Промотори на книгата беа: Билјана Т. Димко, Радован П.Цветковски и Панде Манојлов. На промоцијата беше присутна и сестра Касијана




**9.12.2019**
**Ќерката на дрвосечачот**

Книгата „Ќерката на дрвосечачот“ од авторката Наде Стојилковиќ раскажува за мајчинската љубов, за женската издржливост, за човечката злоба, за горчливоста на судбините.

## Тин лето во библиотека

*Приредила м-р Милка Котевска, библиотекар*

За реализација на проектот „**Тин лето во Библиотека**“ поддржан од Министерството за култура, во текот на летото Библиотеката организираше активности во вид на работилници со теми блиски на интересите и потребите на тинејџерите. Се реализираа три работилници:

- Работилница за **3Д печатење**, која се реализира на 1.07.2019 год. во соработка со СОТУ „Ѓорги Наумов“. Оваа работилницата ја водеше м-р Илче Ацевски, професор од истото училиште, кој ги запозна учесниците што претставува 3D печатењето, како и каде се користи, изврши презентација на 3D печатар, негова практична примена со печатење на творби што децата сами ги креираа за време на работилницата.






- Работилницата за **Видео игри**, се одржа на16.7.2019 год. под водство на Петар Котевски, програмер во Камај медиа, фирма која претставува лидер во регионот за изработка на видео игри и виртуелна реалност.Оваа работилница пробуди голем интерес кај младата популација и на неа тие се запознаа како се прават видео игрите, кои програми се користат при нивното изработување икои се најпопуларни видео игри. Сепак најважната придобивка беше што децата имаа можност самите да креираат видео игра и да учествуваат во процесот на креирањето на играта.

- Работилница: **Книга - филм за тинејџери**- беше реализирана на 30.7.2019 год., а ја водеше м-р Милка Котевска, вработена во Библиотеката и раководител на целиот проект. Учесниците во текот на работилницата беа запознаени со тесната врска помеѓу книгата и филмот - сниман по таа книга, кои се предностите и недостатоците на редоследот читање/гледање книга-филм или гледање/читање филм-книга. Преку пополнување на прашалник открија каков тип на читатели се

### БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ

**ОДДЕЛ ЗА ЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА ЗА ВОЗРАСНИ**

ИЗГУБЕНИОТ РАЈ –Стив Бери
ЗИМА СО МИРИС НА КАПИНИ – Сара Цио
ЧАСОВИ ПО ЗАБОРАВ –Нермин Јилдирим
ЌЕ СЕ СРЕТНЕМЕ ПОВТОРНО –Роузи Волш
МАРИЈАНА –Сузана Кирели
ПРВИОТ ДОПИР –Лорелин Пејџ
ПОСЛЕДНИОТ БАКНЕЖ – Лорелин Пејџ
ИЗГУБЕНИТЕ ДЕВОЈКИ ВО ПАРИЗ – Пам Ценоф
НЕГОВИТЕ БЕЛИ РАКАВИЦИ - Јелена Бачиќ Алимпиќ
МАСЛИНКАТА –Лусинда Рајли

**ДЕТСКА БИБЛИОТЕКА**

ДНЕВНИКОТ НА ЕДНО САМОТНО ДЕВОЈЧЕ – Рејчел Рене Расел
ЏОРЏ И ГОЛЕМИОТ ПРСКОТ – Луси и Стивен Хокинг
ЏОРЏ И КОСМИЧКИОТ ЛОВ НА БОГАТСТВО – Луси и Стивен Хокинг
ГЛЕН – СУПЕРМЕН – Васко Ташковски
МОРИБИТО – Нахоко Уехаши
КАКО ВО ФИЛМ – Винко Модерндорфер
ЈАС СУМ МИА – Јана Мишо
СТАКЛЕНИТЕ ДЕЦА – Кристина Улсон
ДЕЦАТА ОД БУЧНО СЕЛО – Астрид Линдгрен
УРНЕБЕСНА ФИЗИКА – Светислав Пауновиќ





тие, погодуваа за која книга се работи и кој писател ја напишал таа книга гледајќи исечоци од филмови. Исто така, на работилницата беше поставена изложба на книги од фондот на библиотеката, наменети за оваа возраст, а според кои е снимено филм.

На сите работилници учествуваа вкупно 45 тинејџери, а на последната работилница им се доделија сертификати за учество во проектот.



## 14. РОДНОКРАЈНА СРЕДБА НА БИТОЛСКИТЕ ПИСАТЕЛИ

*Подготвил д-р Николче Вељановски,*
*библиотекар советник*

**14. Роднокрајна средба на битолските писатели во Македонија** се одржа на **31 мај (петок) во 10:30 часот**, во читалната од Роднокрајното одделение.**Темата** на **Тркалезната маса** беше: **„Мајката – инспирација и/или значаен лик во моето творештво".**

На Средбата со свои излагања учествуваа дваесет и двајца роднокрајни писатели меѓу кои: академик Владимир Костов (во отсуство), проф. Вера Стојчевска Антиќ (во отсуство), проф. д-р Христо Петрески (во отсуство), Биљана Т. Димко (во отсуство) Добре Тодоровски, Панде Манојлов, Петко Шипинкаровски, Никола Кочовски, Ѓорѓи Прчков, Петре Димовски (во отсуство), Јован Ѓурвски, Ванде Ганчевски, проф. д-р Даниела Андоновска – Трајковска, Весна Мундишевска Велјановска, Милица Димитријовска Радевска, Сања Мучкајева Видановска, Елизабета Јончиќ. За првпат на Средбата присуствуваа и Благој Попоски, Илче Стојановски и Симона Петровска, а гости беа Михајло Свидерски и Михајло Гацова Свидерска.

Заради самата тема имаше голем одзив од страна на писателите кои со голема емоција ги пишуваа своите текстови.



Присутните на почетокот беа поздравени од директорот м-р Бојан Стефановски. Модератор на средбата беше д-р Николче Вељановски.

Раководителот на проектот и модераторот на средбата д-р Николче Вељановски се извини во име на писателот Академик Владимир Костов за неговото отсуство и го прочита неговото излагање кое имаше и придружен материјал што ќе влезе во 14. Зборник на излагања. Средбата помина во концентрирана, но и пријатна атмосфера.

**Проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска**
**МАЈКАТА КАКО КОД, КАКО ЛИК И КАКО МЕТАФОРА ЗА ЖИВОТОТ ВО МОЕТО ТВОРЕШТВО**

И каде и да одев по црвеното дома се враќав.

Во дневникот пишував со азбука моја сочинета од букви кои живи пред мене ги гледав. И извичници ѝ пишував на мајка, зашто мислев дека ме чита, дека претура по мојата фиока за да најде парче од моето црвено небо.

**Ванде Ганчевски**
**ИЗВАДОК ОД КОНЦЕПТ НАМЕНЕТ ЗА РОМАН**

Судбината да ја исплеткам и изгмечам, да ја истегнам, да ја скинам, да ја опсујам...Знам, не ќе можев да ја превртам , мајка ми да биде покрај мене. Сакав само нешто да напишам, застоениот талог низ мене кој ми тежи, да го исфрлам, да си олеснам.

**Петре Димовски**
**МАЈКАТА НИЗ МЕНИТЕ НА ЖИВОТОТ**

Мајката е најсодржајниот поим во сите јазици на светот. Таа е универзалниот симбол на продолжување на животот, симбол на сите возвишени чувства, верувања, најсилната љубов, најголемата храброст, безмерната пожртвуваност, постојаната топлина, искреноста. Таа е заштитничка, хранител, учител, советник.

Во моето творештво присутна е мајката како лик, како поим, како идеал.

**Јован Ѓуровски**
**ВИСТИНСКИОТ БОГ ЗА ЧОВЕЧКИОТ РОД**

Човекот може да мисли дека мајка за сѐ живо и неживо е Природата,но за човечкиот род,вистинскиот создател е мајката.Таа го раѓа човекот,со години и години,го оспособува за самостоен живот,и до крајот на својот живот,бдее над својот пород.Колку нејзиното дете да биде оспособено,посилно од неа,за неа ќе остане нејзино дете-за него и животот,воопшто не би го жалела,доколку се работи за него.И во оган ќе се фрли,ако нејзиното чедо гори!

**Академик Владимир Костов**
**СТАРА ЛЕ МАЈКО!**

... Поимот „мајка" кога атрибутски е определен како „стара мајко" ја афирмира мајката како решавачки фактор за обнова на родот, како мајка – создателка, како мајка – матица.

**Никола Кочовски**
**ПОИМОТ МАЈКА И МОЕТО ТВОРЕШТВО**

Вистина, во огромниот број случаи мајката се доживува како нешто најсвето на оваа небесна топка, но не изостанува од моето творечко внимание и случај каде што одредена мајка, со своите постапки станува монструм, тешко омразнат и од тие што ги родила.

**Панде Манојлов**
**МАЈКА МИ... СЛИКА ЗА СПОМЕН**

Скриен во една сенка на бор, блиску до воената зграда на Дивизионот во велешката касарна, облечен во воена униформа на обичен војник, му пишував писмо на мајка ми:-Мила мамо! Во твоето последно писмо ти ми напиша дека со брат ми Кочо, заминувате за Австралија. Јас, го премолив и поручникот и капетанот да дојдам да ве испратам, но не ми дозволуваат да си дојдам. Дојди ти и брат ми, со возот дојдете од Битола. Душата ќе ми пукне од жал...

**Љубе Митрејчевски**
**Мајката - УБИЕЦ**

Ликот на мајката? Тој е како надојдена река, разигран ветер, расцветана ливада и бескрајно небесно синило. Вечна инспирација.

**Весна Мундишевска-Велјановска**
**МАНИФЕСТАЦИИ НА ГРАНДИОЗНОСТА И ЕДИНСТВЕНОСТА НА МАЈЧИНСТВОТО**

Мајчинското можеби е најизразено од позицијата на јас-мајка низ грижливоста, нарасната чувственост и метафоричноста на раѓањето кое се пројавува во различни варијанти – од новораѓање, преку раѓање во себеси, до преродување. Се раѓа пород, нов живот, но и човекот се раѓа во себе. Поплави од чувства во стихови за раѓањето, животопаѓањето, (не)снаоѓањето, созревањето, едноворaѓањето...

**М-р Сања Мучкајева Видановска**
**БОЖЕСТВЕНОСТА НА МАЈКАТА**

И не е само мајка над мајките, баба или тетка на внуците... Таа е крв која тече низ слабоста и пот која тече низ радоста. Само ширината на единственоста ја означува вистинската молитва на усните, како едно мрморење, изедначено и обединето. Мајката, храмот го носи во своето срце и пали свеќи со своите солзи. Кога се радуваат нејзините чеда, се радува и таа. А, стравот се всадува со првиот плач на детето и трае до крајот на животот.

**Проф. д-р Христо Петрески**
**МАЈКА**

... и божем, така,Господ ја наградил односно казнил, но таа кога ја свлечкаа назад од првите кон последните редови. Таа не се ни наведна зашто и онака беше наведната, лицето и беше вазден свртено кон земи, па си велеше, па, дури и посакуваше камен да ѝ се стори еднаш, ниту да гледа ниту да слуша ниту да разбира штом се претворила во партал кој секој може да го фрли и потфрли, да го премести кога ќе сака како ќе сака и каде ќе посака, а таа можеше на сите да ни биде мајка, не само на книгите кои ги љубеше како најродена рожба, и можеби,Господ нѐ ја испратил да нѐ гледа, да нѐ слуша да нѐ разбира нас никаквите самбендисаните фодулите, компирите, фазаните...

**Симона Петровска**
**МАЈКА-ЖЕНА-СОЗДАТЕЛ**

Создавањето и созданието на битието се случува токму во утробата на Жената-Мајка, а пак останките ги чува и памети Земјата – Мајка. Во тој вечен и повторувачки процес препознаваме копнеж за преродување. Останувaат спомените длабоко издлабени во раните од породилниот рез и борите на лицето, но и во кристалниот поглед во очите и избледената насмевка на лицето.

**Благој Попоски**
**МАЈКАТА МИЛОСТА И МИРОТ**

Во животот човекот остава траги кои ниту можат да се избришат ниту да се заборават. Јас пишувам за печалбарството, посебно за мајката и за земјата кои тешко се заборaваат од моментот кога земав збогум од нив. На денот кога си заминував штрковите и ластовиците патуваа на југ, а јас на Запад. Тие пееја, јас плачев. Тие патуваа во јато, а јас сам.

**Ѓорѓи Прчков**
**МАЈКА – ЛИК СО НАЈСВЕТЛИ ДОБЛЕСТИ ЗА СВОИТЕ ДЕЦА**

Што е мајката за еден човек освен родилка на неговото тело, згрижувачка на неговата детска невиност, воспитувачка на неговата тинејџерска разузданост и молителка за неговата зрела неподготвеност?

**Илче Стојановски**
**МАЈКАТА - Сѐ ПРИСУТНА ВО МОЕТО ТВОРЕШТВО**

Покрај на Господ Бог, ние непрестано припаѓаме и на Пресветата Мајка која ги љуби ангелите и светителите. Така нѐ љуби и нас, нудејќи ни ја својата прегратка.

Тоа го чувствуваме преку молитвата – мирот и тишината во срцето. Таа е бесконечна љубов и бесконечен мир.

**Вера Стојчевска Антиќ**
**МОЈАТА МАЈКА МИЛИЦА**

Мојот животен пат е пронижен со голем број личности, но , секако, тој започнува од домашното огниште, кое е и мојот извор на животна егзалтација. Последниов заклучок може да го даде само животниот патник по долга изодена патна врвица. На тој пат, ако треба да издвојам само една личност која оставила траен печат во моите животни чекори , без посебно размислување, е мојата мајка Милица.

**Биљана Т. Димко**
**ПОЕЗИЈАТА Е И МАЈКА И ДЕТЕ**

Мојата мајка, барам соодветен епитет, што ќе ја претстави сета нејзина грамада и ќе ме објасни во целост. Нема. Мајката е продолжена рака на Бог, а Бог е љубов. Мајката во светски рамки е синоним за безгранична и безусловна љубов и поддршка и како таква претставува еден цел домен во уметноста со потточки од сите науки, како алфа и омега на егзистенцијата.

**Добре Тодоровски**
**МАЈКАТА КАКО ИНСПИРАЦИЈА**
**- НЕПРЕЛЕЖАНА БОЛКА -**

Општо позната реплика, кога во силната желба сакаме некој во нешто да ни поверува, се колнеме во мајката, испирација на вистина, ваистина. Таа се спомнува и кога се фрлаат клетви, колнатии и прокоби, именки како единствен сведок за правоверие и правда. Сѐ е тоа инспирација.

**Петко Шипинкаровски**
**МАЈКАТА – И МАЈКА И ТАТКО**

Нема поголема радост и среќа кога детството се минува во семејството, заедно со двајцата родители, во слога, разбирање и родителска грижа кон одгледувањето и развојот на детето. Но на жалост, секогаш, не е така. Постојат безброј причини кога, вака или онака, судбината си поигрува - влегува „злото“ во семејството.

# ЈАГЈЕЛОНСКАТА БИБЛИОТЕКА ВО КРАКОВ, ПОЛСКА

*Подготвила Марија Малгожата Мачковска, библиотекар советник*

Јагјелонската библиотека во Краков е главната библиотека на Јагјелонскиот Универзитет, а заедно со Медицинската библиотека и посебните библиотеки на катедрите и институтите го сочинуваат библиотечно-информацискиот систем на Универзитетот.



Библиотеката е една од најважните библиотеки во Полска и има статус на национална библиотека. Најголемата збирка се наоѓала во Колегиум Маиус (историското седиште на Јагјелонскиот универзитет), За време на Втората светска војна целиот фонд на библиотеката бил пренесен во нова зграда и истата била преименувана во Staatsbibliothek Krakau.

Денес, Библиотека има и нова современа зграда, па така заедно со старата располагаат со на 27 000 квадратни метри корисна површина. Овој голем простор опремен е со 10 читални, сала со каталози, оддел за издавање, библиотечни магацини, 2 сали за изложби, како и конференциска сала. Двете згради опремени се со најсовремени системи за работа и безбедност. Во 2018 година библиотечниот фонд на Универзитетската библиотека брои околу 6 милиони библиотечни единици.

Јагјелонска Дигитална Библиотека (Jagiellońska Biblioteka Cyfrowa) е најголемата дигитална библиотека во Полска. Дигитализацијата на библиотечниот фонд започна во 90-тите години, благодарение и на американската донација со која што се овозможи набавка на опрема и софтвер (VTLS). Така, денес можат во дигиталниот он-лајн каталог да се најдат сите печатени изданија од XIX и XX век кои ги поседува библиотеката. Во дигиталниот каталог, на едно место регистрирани се збирките на Јагјелонската библиотека, Медицинската библиотека Колегиум Маиус, како и посебните библиотеки на катедрите и институтите.

Мултипребарувачот EDS овозможува пребарување во поголемиот дел од базите на податоци на ЈБ како и воопшто достапните он-лајн бази на целиот Универзитет. Покрај својата основна функција, Јагјелонската библиотека исто така соргаснизира и друг тип на активности како образовни, научно-издавачки, културни, инфроматични и сл.



# БИБЛИОТЕКАТА ВО РЕНОВИРАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА

Библиотеката со својот стар дел (1974) и нов дел (1980) го реновираше својот простор во 2001/02 година (санитарниот чвор), во 2003/04 година (пултот за издавање), во 2007 година (холот во новиот дел), во 2008 година (фасадата и дограмата на стариот дел).

Оваа 2019 година започна реновирање на магацинскиот простор и дел на приземјето. Во магацинскиот југоисточен дел со самоиницијатива и работа на вработениот Александар Јовевски се истурнаа некои ѕидови за да се ослободи просторија. Над истата просторија, на приземјето, тој ослободи простор за изградба на новата просторија за хигиеничарките. На малтерисувањето на ѕидовите и правењето на спуштениот таван работеше хаусмајсторот Владо Пачовски.





Исто така, крпењето, односно малтерисувањето на 33-те нови PVC – прозори (проект на Менде Доневски вработен во Магацинот за книги на Одделот за зајмувањеи услуга за возрасни) самоиницијативно го изведуваа Владо Пачовски, Менде Доневски и Александар Јовевски, додека молерисувањето на магацинскиот простор го изведоа Анастас Тргачевски (Сташе), Александар Јовевски и Благој Бошевски (Бакало). Исто така, на волонтерски начин беше офарбан и дел од фасадата на јужната страна од стариот дел на Библиотеката која беше извалкана со графити и др. На таваните од магацинот и холот на приземјето старите неонски светла, Пеце Анакиевски, вработен во Библиотеката, ги замени со нови 24 ЛЕД – светла.

Неколкумесечната самоиницијативна напорна работа, односно помагање на вработените беше свечено завршена по реновирањето, односно фарбањето и патосирањето на подот во Одделот за заштита на книжниот фонд (во кој се подврзува оштетениот библиотечен материјал (броширано, тврдо, платнено, шиено, полуплатнено, лајмовано, цело платно, обично и др.), исто така, во него се врши каширање на библиотечниот материјал и др.





Што се однесува до техничката и друга работна опрема, во оваа година беа набавени 11 современи персонални компјутери со одлична конфигурација за замена на дотраените постоечки компјутери. Беа поставени и неколку внатрешни и надворешни IP – камери. Беше прекината и една немила традиција во последните петнаесетина години, дел од вработените сами да си купуваат, или да ги поправаат на свој трошок своите работни столици. Беа набавени 31 работна столица.



